# ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Потставка и потпрограми

| Категорија / Ставка / Потставка | ОПИС | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | 50,904,451 | 64,408,203 | 2,880,000 | 2,880,000 | 53,597,287 | 53,597,287 | 469,817 | 469,817 | 0 | 0 | 107,851,555 | 121,355,307 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3,225,000 | 3,225,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,225,000 | 3,225,000 |
| 421110 | Електрична енергија | 2,600,000 | 2,600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,600,000 | 2,600,000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| 421310 | Пошта | 90,000 | 90,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 90,000 | 90,000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 300,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 300,000 |
| 421430 | Транспорт на стоки | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 35,000 | 35,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35,000 | 35,000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 490,000 | 490,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 490,000 | 490,000 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 300,000 | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 300,000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 50,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 | 50,000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 50,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 | 50,000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 50,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50,000 | 50,000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 40,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 370,000 | 370,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 370,000 | 370,000 |
| 424115 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 | 150,000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 120,000 | 120,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 120,000 | 120,000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| 425 | Договорни услуги | 370,000 | 370,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 230,400 | 230,400 | 0 | 0 | 600,400 | 600,400 |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | 30,000 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 30,000 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 150,000 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 | 150,000 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 40,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Примено: 27-09-2021
Орг. ед. 32 Број 974/2 Прилог Вредн.

ИСИЕ Институт
за стратешки истражувања и едукација
Број 03-188/1
Датум 17-09-2021
Скопје

До
**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Согласно чл.20 ст.3 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) ја поднесуваме следната:

**Ж А Л Б А**
**поради неовозможување пристап до информација**
**- молчење на администрација**

**Од:** Институт за стратешки истражувања и едукација, бул. „АВНОЈ“ бр.16/1-31, 1000 Скопје, како барател на информација, преку полномошник д-р Мишо Докмановиќ, претседател на Институтот за стратешки истражувања и едукација (isie@mail.org, 071/383313).

На ден 17.08.2021 година барателот Институт за стратешки истражувања и едукација до имателот на информацијата – **Општина Кривогаштани, ул. Филип Втори бр. 84, Кривогаштани** поднел барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено кај подносителот со број **03-60/1** и во законски предвидениот рок не добил никаков одговор.

**Доказ: - Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-60/1 од 17.08.2021 година;**
**- Копија од потврда за извршена достава издадена од Еко Логистик – Скопје.**

Според член 2 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста, односно целта на законот е јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и имателите на информации се должни да овозможат информираност на јавноста за својата работа. Поради тоа сметаме дека со недоставување на бараните информации, имателот на информацијата извршил повреда на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според член 3 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата),.

Според член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, (1) Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето. Во конкретниот

случај имателот на информацијата не одговорил на барањето во законски предвидениот рок, со што не овозможил пристап до бараните информации и покрај законската обврска да го стори истото.

Согласно со членот 20, став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, *ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.*

Со ваквото постапување на имателот на информацијата, односно неовозможување на пристап до информации кои на барателот му се потребни поради истражување што го спроведува барателот Институт за стратешки истражувања и едукација, имателот го спречува во вршењето на истите, со што барателот на информациите трпи штета.

Согласно горенаведеното и врз основа на член 20, став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесуваме оваа жалба и предлагаме Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер по разгледување на предметот и по оценување на жалбените наводи да донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** жалбата на Институтот за стратешки истражувања и едукација
**СЕ ЗАДОЛЖУВА – Општина Кривогаштани, ул. Филип Втори бр. 84, Кривогаштани,** како имател на информацијата најдоцна во рок од 15 дена да ја достави бараната информација до барателот.

Скопје, 17.9.2021 година

За жалител
Д-р Мишо Докмановиќ

До

ИСИЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 32 - 924/3
27 . 09 2021 год
КРИВОГАШТАНИ

**Предмет :** *<u>одговор на барање наинформации од јавен карактер</u>*

Почитувани,

Согласно вашето барање на информации од јавен карактер заверено со Ваш број 03-66/12 од 17/08/2021 и жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Ви испраќаме одговор на истото.

1. Во Општинскиот буџет за општински совет за превенција на детско престапништво за 2018,2019,2020 немаме предвидено средства.
2. Немаме потрошено средства за оваа намена.
3. Во период од 2018,2019,2020 за оваа намена општината нема побарано средства
4. Нема потрошено средства во период од 2018,2019,2020
5. Нема потрошено средства во период од 2018,2019,2020
6. Нема потрошено средства во период од 2018,2019,2020
7. Вработените во ЕЛС Кривогаштани немаат учествувано во такви обуки
8. Оптштина Кривогаштани има локален совет, но нема анализа за трошоци
9. Немаме добиено донации од земјава за оваа намена
10. Немаме добиено донации од странство за оваа намена
11. Немаме добиено донации од приватен сектор за оваа намена
12. Немаме буџетски интерни акти
13. Немаме евиденција
14. Не
15. Не
16. Немаме

Воедно Ве известуваме дека во 2018, 2019 и 2020 немаме :

- Буџетско барање за оваа намена за 2018,2019 и 2020
- Согласно на тоа не се предвидени ставки во буџетот на општината за оваа намена
- Нема податоци за оваа намена во завршните сметки на општината за 2018,2019 и 2020
- Немаме годишна програма за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2018,2019 и 2020.

- Годишен извештај за 2018,2019 и 2020 немаме
- Во образецот К1 немаме податоци за оваа намена
- Во завршните сметко за 2018,2019 и 2020 нема податоци за оваа намена
- Во плановите за јавни набавки за 2018,2019 и 2020 за оваа намена нема план
- Склучени договори за оваа намена за 2018,2019 и 2020 немаме.

Лице за информации од Јавен карактер за Општина Кривогаштани

Здравко Тренески

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГ

| ПРИМЕНО: | 14.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 32 | 924/4 | | |

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), согласно член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Институт за стратешки истражувања и едукација, поднесена преку д-р Мишо Докмановиќ, претседател на Институтот, против Општина Кривогаштани, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од Институт за стратешки истражувања и едукација, поднесена преку д-р Мишо Докмановиќ, претседател на Институтот, заведена во Агенцијата под бр.08-664 на 24.09.2021 година против Општина Кривогаштани, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Институт за стратешки истражувања и едукација, како што се наведува во Жалбата на 17.08.2021 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Кривогаштани, со кое побарал по пошта или е-маил да му ги достави во фотокопија или електронска форма на следните информации:

„Ве молиме да ни ги доставите следниве документи и информации:

1. Колку средства имате предвидено во општински буџет за општинскиот совет за превенција на детско преставништво за 2018, 2019 и 2020 година одделно по години?

......

16. Согласно со предвидените активности, кои се приоритетни активности за кои ви се потребни донации и кој е проценетиот износ на средства за овие донации? "

Имателот на информации, на ова Барање како што е наведено во Жалбата не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел Жалба заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-680 од 24.09.2021 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-664 од 24.09.2021 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

На 27.09.2021 година, Барателот на информации преку е-маил ја извести Агенцијата дека: „Се повлекуваат жалбите за: ...Општина Кривогаштани."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Врз основа на наведеното, Агенцијата утврди дека Имателот на информации постапил по Барањето, но со задоцнување. Агенцијата констатира дека во конкретниот случај

имателот постапил по Барањето, а барателот ја добил бараната информација.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр.08-664.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-664
07.10 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP